Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на првото продолжение на 32-та седница одржано на 16.10.2023 година, во врска со Предлогот бр.03-3669/1 од 05.10.2023 година за поведување прекршочна постапка против Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.10-3629/1 од 03.10.2023 година и заклучи да поведе прекршочна постапка против Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, затоа што на програмскиот сервис од 26 септември 2023 година, емитуван на државно ниво, РТД Метрополис радио ДОО Скопје ниту на најавна ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радиовести насловени „*Една минута позитивни факти – според информациите добиени од Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и Советот на странски инвеститори*“ како и во забавно-информативните целини: „*Добро утро/Добар ден со Маја – Маја за под(в)арок и менопауза*“ и „*Светот во 4 со Вики и Стела*“, што е спротивно на членот 14 од Законот за медиуми.

2. Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр.** 02-3637/5

17.10.**2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**